ПРОГРАМА

за работа на Универзитетот за Информатички Науки и Технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид

за мандатен период 2026–2029 година

Кандидат за ректор:

проф. д-р Атанас Христов

Охрид, 2026 година

1. ВОВЕД

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид претставува високообразовна и научно-истражувачка институција со јасна определба кон информатичките науки, современите технологии, дигиталната трансформација и развојот на високообразовниот систем во Република Северна Македонија.

Во изминатиот период Универзитетот реализираше низа активности насочени кон унапредување на наставно-образовниот процес, развој на научноистражувачката работа, јакнење на меѓународната соработка, подобрување на инфраструктурните услови и зголемување на препознатливоста на Универзитетот во домашни и меѓународни рамки.

Како досегашен проректор и долгогодишен член на академската заедница на Универзитетот, имав можност непосредно да учествувам во неговиот развој, да ги согледам неговите потенцијали и да работам со наставниот, административниот и студентскиот корпус. Тоа искуство претставува значајна основа за подготовка на оваа програма и за нејзина реализација во мандатен период 2026-2029 година.

Оваа програма не се темели на прекин со досегашниот развој, туку на континуитет, надградување и дополнително унапредување на постојните активности и достигнувања. Нејзината цел е да понуди јасна развојна насока, практични мерки и институционални приоритети преку кои Универзитетот ќе продолжи да се развива како современа, квалитетна, одговорна и меѓународно препознатлива високообразовна институција.

Програмата е подготвена со разбирање дека долгорочниот успех на Универзитетот може да се постигне само преку заедничка работа, меѓусебна доверба, почитување на академската автономија, професионална одговорност и активно учество на сите чинители: студентите, наставниот кадар, истражувачите, административните служби, органите на Универзитетот, партнерските институции и поширокаата заедница.

Во мандатниот период 2026–2029, особено внимание ќе биде посветено на:

- унапредување на квалитетот и современоста на наставата;
- подобрување на студентското искуство;
- поттикнување на научно-истражувачката и иновативната работа;
- зголемување на учеството во меѓународни проекти;
- развој на дигитални услуги и е-управување;
- јакнење на човечките ресурси;
- подобрување на инфраструктурата и работните услови;
- развој на партнерства со индустријата и јавниот сектор;
- зголемување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот;
- создавање стабилна, транспарентна и функционална институционална средина.

Конкретните активности ќе се реализираат во согласност со важечките закони, Статутот, интерните акти, одлуките на надлежните органи и расположливите финансиски и кадровски ресурси.

2. ПОЈДОВНИ ОПРЕДЕЛБИ

Програмата за работа на ректор, за мандатниот период 2026–2029 се заснова врз следните појдовни определби:

2.1. Континуитет и надградување

Развојот на Универзитетот треба да се темели врз постојните искуства, реализираните активности и стекнатите институционални капацитети. Новите мерки ќе бидат насочени кон нивно надградување, подобрување и приспособување кон современите услови.

2.2. Квалитет и академска извонредност

Квалитетот на наставата, научно-истражувачката работа и студентските услуги треба да биде основен критериум при планирањето и донесувањето одлуки.

2.3. Студентска ориентираност

Студентите ќе бидат во центарот на мисијата на Универзитетот. Сите развојни активности треба да придонесуваат за подобро образование, полесен пристап до услуги, подобри услови за учење и поголеми можности за професионален развој.

2.4. Институционална одговорност

Управувањето со Универзитетот треба да биде законито, професионално, транспарентно и отчетно, со јасно почитување на надлежностите на сите органи и тела.

2.5. Соработка и заедничка одговорност

Успехот на Универзитетот е заедничка обврска. Раководството, наставниот кадар, администрацијата и студентите треба да бидат партнери во креирањето и реализацијата на развојните политики.

2.6. Отвореност кон нови технологии и идеи

Како универзитет од областа на информатичките науки и технологиите, УИНТ треба да биде пример за примена на современи технологии во наставата, истражувањето, управувањето и комуникацијата.

2.7. Меѓународна поврзаност

Меѓународната соработка, мобилноста, заедничките истражувања и учеството во европски и глобални проекти се важни инструменти за развој на Универзитетот.

3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

3.1. Визија

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид да биде современ, квалитетен и меѓународно препознатлив универзитет, кој преку образование, научно-истражувачка работа, иновации и партнерства ќе придонесува кон дигиталниот и општествениот развој.

УИНТ треба да биде средина во која:

- студентите стекнуваат современи и применливи знаења;
- наставниот кадар има услови за професионален развој;
- магистрантите и докторантите реализираат релевантни научни и иновативни активности;
- администрацијата функционира ефикасно и професионално;
- Универзитетот е отворен кон индустријата, јавниот сектор и меѓународната академска заедница;
- дигиталните технологии се користат за подобрување на сите процеси;
- академските вредности, интегритетот и меѓусебната почит се темел на институционалната култура.

3.2. Мисија

Мисијата на УИНТ е да создава, пренесува и применува современи знаења во областа на информатичките науки и технологиите, да развива критичко, аналитичко и креативно мислење, да поттикнува научно-истражувачка и иновативна работа и да подготвува компетентни, одговорни и конкурентни професионалци.

4. ОПШТИ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА ПЕРИОДОТ 2026–2029

Во мандатниот период се предлага реализација на следните стратешки цели:

1. Унапредување на квалитетот, релевантноста и организацијата на наставата.
2. Подобрување на студентското искуство и студентската поддршка.
3. Поттикнување на научно-истражувачката работа и публикациската активност.
4. Зголемување на учеството и успешноста во национални и меѓународни проекти.
5. Интенвизирање на меѓународната соработка и академската мобилност.
6. Дигитална трансформација на наставата, администрацијата и комуникацијата.
7. Развој и мотивација на наставниот, соработничкиот и административниот кадар.
8. Подобрување на инфраструктурата, лабораториите, библиотеката и работните услови.
9. Унапредување на финансиската и институционалната одржливост.
10. Развивање партнерства со индустријата, јавниот сектор и локалната заедница.
11. Зголемување на видливоста, промоцијата и уште поголема меѓународната препознатливост.
12. Поттикнување одржливост, еднакви можности и општествена одговорност.

5. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

5.1. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

Наставно-образовниот процес е основната дејност на Универзитетот и неговото унапредување ќе претставува еден од главните приоритети во наредниот мандат.

Како универзитет ориентиран кон информатичките науки и технологиите, УИНТ треба континуирано да ги следи современите технолошки и научни достигнувања и тие да ги интегрира во наставните содржини, методите на работа и практичните активности.

Предвидени мерки

5.1.1. Современи наставни методи

Ќе се поттикнува примена на:

- проектно ориентирано учење;
- проблемски и иновациски ориентирано учење;
- студии на случај;
- практични лабораториски вежби;
- тимска работа;
- интердисциплинарни задачи;
- истражувачки и иновативни студентски проекти;
- дигитални образовни ресурси.

Посебно внимание ќе се посвети на методи што овозможуваат студентите не само да усвојат теоретско знаење, туку и да го применат во реални ситуации.

5.1.2. Усогласување на наставните содржини со современите потреби

Ќе се поддржува редовно разгледување и реакредитација на наставните планови и програми со цел:

- нивно усогласување со современите научни достигнувања;
- подобрување на практичната компонента;
- вклучување на нови технологии и алатки;
- развој на дигитални и аналитички компетенции;
- поголема поврзаност со потребите на работодавачите;
- зајакнување на интердисциплинарноста.

5.1.3. Подобра организација на наставата

Ќе се работи на дополнително унапредување на:

- навременото објавување на распоредите;

- координацијата меѓу наставниот кадар и службите;
- евиденцијата за реализација на наставата;
- информирањето на студентите;
- планирањето на испитните рокови;
- навременото внесување и објавување на резултатите.

Целта е да се создаде предвидлив и добро организиран наставен процес, со јасни информации и еднакви услови за сите студенти.

5.1.4. Електронски наставни записи

Ќе се разгледа можноста за воспоставување или надградување на електронски систем за евиденција на:

- реализирани предавања и вежби;
- наставни теми;
- присуство;
- дополнителни наставни активности;
- студентски задачи;
- испити и резултати;
- комуникација со студентите.

Таквиот систем треба да биде инструмент за подобро планирање, квалитет и отчетност, а не само административна обврска.

5.1.5. Внатрешно обезбедување на квалитет

Ќе се поддржи и продолжи со редовно следење на:

- студентските евалуации;
- реализацијата на предметите;
- постигнувањето на исходите од учењето;
- оптовареноста на студентите;
- успешноста на студентите;
- потребите за промени во наставните програми.

Резултатите од анализите треба да се користат за подобрување на наставата и за поддршка на наставниот кадар.

5.2. СТУДЕНТОТ ВО ЦЕНТАРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА ПОЛИТИКА

Студентите се главните корисници на образовната мисија на Универзитетот. Затоа, подобрувањето на студентското искуство ќе биде една од клучните определби на идното раководство.

Предвидени мерки

5.2.1. Подобра комуникација со студентите

Ќе се воспоставуваат редовни форми на комуникација преку:

- средби со студентските претставници;
- тематски состаноци;
- електронски канали за прашања и предлози;
- редовни известувања;
- консултации со студентски организации;
- анкети и истражувања на задоволството.

5.2.2. Подобрување на студентските услуги

Ќе се работи на:

- појасни административни процедури;
- подобра достапност на информации;
- електронско поднесување барања каде што е можно;
- скратување на времето за обработка на студентски предмети;
- подобро информирање за рокови и обврски;
- интегрирање на студентските услуги во дигитален систем.

5.2.3. Академско советување и менторство

Ќе се поддржи развој на систем за:

- академско советување;
- менторство на студенти;
- насочување кон избор на предмети;
- поддршка при изработка на семинарски, дипломски и магистерски трудови;
- кариерно насочување;
- информирање за можности за мобилност и проекти.

5.2.4. Студентски активности

Универзитетот ќе поддржува:

- хакатони;
- натпревари;
- студентски конференции;
- работилници;

- иновативни проекти;
- студентски клубови;
- активности поврзани со претприемништво;
- учество во меѓународни студентски иницијативи.

5.2.5. Следење на студентскиот напредок

Ќе се разгледа воспоставување систем за анализа на:

- успешноста по предмети;
- напредувањето по семестри;
- повторувањето на предмети;
- ризикот од прекин на студиите;
- потребата од дополнителна академска поддршка.

Целта е студентите навремено да добијат помош и насоки.

5.3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА, ПУБЛИКАЦИИ И ИНОВАЦИИ

Развојот на научноистражувачката работа е предуслов за долгорочно унапредување на Универзитетот и наставниот кадар. Во наредниот период ќе се поттикнува создавање услови за поголема научна активност, подобра истражувачка соработка и поголема видливост на резултатите.

Предвидени мерки

5.3.1. Поддршка на публикациската активност

Ќе се поддржуваат активности насочени кон:

- зголемување на бројот на квалитетни научни публикации;
- поголемо присуство во релевантни меѓународни бази;
- поттикнување публикации во списанија индексирани во Scopus и Web of Science;
- подобрување на квалитетот и влијанието на публикациите;
- развој на меѓуинституционални истражувачки тимови;
- поголемо учество на меѓународни конференции.

Посебно внимание ќе се посвети на квалитетот, релевантноста и одржливоста на научните резултати.

5.3.2. Истражувачки групи

Ќе се поддржи формирање и развој на истражувачки групи во области како вештачка интелигенција и машинско учење; големи податоци и аналитика; дистрибуирани системи;

Интернет на нештата; сајбер-безбедност; дигитални близнаци; паметно производство; паметно земјоделство; дигитална трансформација; софтверско инженерство; високоперформансни пресметки; интелигентни системи; применета информатика и сл.

Групите треба да овозможат полесно поврзување на наставниот кадар, истражувачите, студентите и надворешните партнери.

5.3.3. Проектна активност

Ќе се работи на:

- редовно следење на проектни повици;
- формирање проектни тимови;
- подготовка на квалитетни апликации;
- развој на партнерства;
- подобрување на проектното управување;
- навремено следење на роковите;
- подобрување на финансиското и административното известување;
- поддршка на младите истражувачи во подготовка на проектни предлози.

5.3.4. Примена на истражувачките резултати

Ќе се поттикнуваат:

- развој на прототипи;
- софтверски решенија;
- технолошки демонстратори;
- патенти и други форми на интелектуална сопственост;
- пилот-проекти;
- трансфер на технологии;
- соработка со компании и институции.

5.4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Меѓународната соработка е важен инструмент за унапредување на квалитетот, размена на знаења и зголемување на препознатливоста на Универзитетот.

Предвидени мерки

- проширување на мрежата на партнерски универзитети;
- активно учество во Erasmus+, Horizon Europe, Interreg и други програми;
- развивање заеднички научни и наставни активности;

- поттикнување мобилност на студенти, наставници и административен кадар;
- организирање гостински предавања и стручни работилници;
- развивање летни школи и интензивни програми;
- подготовка на наставни и промотивни материјали на англиски јазик;
- поддршка на заеднички публикации;
- учество во меѓународни мрежи и иницијативи;
- зголемување на бројот на странски партнери и гости.

Особено внимание ќе се посвети на тоа меѓународната соработка да не се сведува само на формално потпишани договори, туку да резултира со конкретни активности, мобилности, публикации, проекти и заеднички иницијативи.

5.5. ДИГИТАЛЕН УНИВЕРЗИТЕТ

Како институција чија основна област се информатичките науки и технологиите, УИНТ треба да продолжи да биде пример за примена на дигитални решенија во сите сегменти на работењето.

Предвидени мерки

5.5.1. Дигитализација на административните процеси

Во наредниот период ќе се поддржува:

- електронско поднесување и следење на барања;
- дигитално управување со документи;
- електронско архивирање;
- подобро следење на рокови;
- интеграција на постојните информациски системи.

5.5.2. Веб-страница и јавна комуникација

Ќе се разгледа редизајн и функционално унапредување на веб-страницата со цел:

- полесно пронаоѓање информации;
- подобра презентација на студиските програми;
- редовно објавување вести;
- подобра видливост на научните резултати;
- подобра достапност на документи и известувања;

5.5.4. Сајбер-безбедност и заштита на податоците

Ќе се посвети внимание на:

- контрола на пристап;
- резервни копии;
- заштита на личните податоци;
- безбедносни протоколи;
- планови за реакција при инциденти;
- обука на вработените;
- периодични проверки на дигиталната инфраструктура.

5.6. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Најзначајниот ресурс на Универзитетот се неговите луѓе. Развојот на наставниот, соработничкиот и административниот кадар ќе биде основа за реализација на сите останати приоритети.

Предвидени мерки

- подготовка на план за развој на човечките ресурси;
- јасно дефинирање на работните задачи и одговорности;
- поддршка за стручни и академски обуки;
- учество на конференции и меѓународни настани;
- развој на менторски програми;
- поддршка на помлади наставници и истражувачи;
- размена на добри практики;
- подобрување на внатрешната комуникација;
- согледување на кадровските потреби;
- унапредување на работната организација;
- поттикнување професионална и колегијална работна средина.

Посебно внимание ќе се посвети на создавање услови во кои секој вработен ќе има јасна претстава за своите задачи, одговорности, права и можности за професионален развој.

Работната организација ќе се унапредува преку дијалог, навремено информирање и доследна примена на важечките прописи и интерните акти.

5.7. ОДГОВОРНО УПРАВУВАЊЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА СТАБИЛНОСТ

Успешното функционирање на Универзитетот бара јасна организација, координација и почитување на надлежностите на сите органи и тела.

Предвидени мерки

- подобрување на координацијата меѓу ректорот, проректорите, деканите, генералниот секретар и службите;
- редовно планирање на состаноци и седници;
- подобрување на подготовката на материјалите за органите на Универзитетот;
- навремено доставување информации;
- јасно следење на донесените одлуки;
- редовно известување за реализираните активности;
- подобрување на институционалната меморија;
- подготовка на годишни оперативни планови;
- следење на реализацијата на стратешките цели.

Сите активности ќе се реализираат со почитување на автономијата и надлежностите на органите на Универзитетот, како и со обезбедување соодветна консултација со академската и административната заедница.

5.8. ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

Финансиската стабилност е предуслов за реализација на развојните активности. Во наредниот период ќе се работи на подобро планирање, рационално користење на средствата и развој на дополнителни извори на финансирање.

Предвидени мерки

- подготовка на среднорочни финансиски проекции;
- подобро планирање на приходите и расходите;
- редовно следење на буџетската реализација;
- подобрување на планирањето на јавните набавки;
- рационално користење на ресурсите;
- намалување на непотребните трошоци;
- развој на приходи преку проекти, обуки и услуги;
- подобро искористување на расположливата опрема и простор;
- навремено финансиско известување;
- почитување на правилата за финансиско работење и јавни набавки.

Дополнителните приходи ќе се развиваат преку активности што се во согласност со мисијата на Универзитетот и со важечката регулатива.

5.9. ИНФРАСТРУКТУРА, ЛАБОРАТОРИИ И РАБОТНИ УСЛОВИ

Создавањето соодветни услови за настава, истражување и административна работа е значаен предуслов за поквалитетно функционирање на Универзитетот.

Предвидени мерки

5.9.1. Универзитетски простор и објект

Во наредниот период, активностите ќе бидат насочени кон:

- разгледување на имотно-правните прашања поврзани со правото на користење на објектот во кој е сместено седиштето на УИНТ.
- подобрување на просторните услови;
- одржување и постепено реновирање;
- унапредување на енергетската ефикасност;
- подобрување на безбедноста;
- подобрување на пристапноста;

5.9.2. Лаборатории и опрема

Ќе се поддржува:

- модернизација на лабораториите;
- набавка на современа опрема;
- подобро користење на постојната опрема;
- развој на нови лаборатории современи области како вештачка интелигенција, IoT, роботика, и сл.;
- поврзување на лабораториската работа со наставата и проектите;
- заедничко користење на опремата во интердисциплинарни активности.

5.9.3. Библиотека и научни бази

Ќе се работи на:

- збогатување на библиотечниот фонд;
- дигитализација на библиотечните услуги;
- подобрување на пристапот до електронски книги и списанија;
- информирање на наставниот кадар и студентите за достапните ресурси.

5.9.4. Работни услови и внатрешни простории

Ќе се разгледуваат можности за:

- подобрување на работните простории;
- обезбедување соодветни услови за наставна и истражувачка работа;
- подобрување на опремата за вработените;
- активности за унапредување на работната благосостојба;

5.9.5. Паркинг и надворешен простор

Ќе се разгледаат можности за:

- уредување и подобрување на паркинг просторот;
- Уредување на дворот и зелените површини околу Универзитетот;
- подобрување на пристапот и безбедноста;
- развој на универзитетска книжарница, кафетерија или продавница за сувенири, согласно просторните, финансиските и правните услови.

5.10. СОРАБОТКА СО ИНДУСТРИЈАТА И ЈАВНИОТ СЕКТОР

Универзитетот треба да биде активен партнер на компаниите, институциите и локалната заедница.

Предвидени мерки

- развој на партнерства со технолошки компании;
- организирање практикантска работа;
- менторирани студентски проекти;
- реални индустриски задачи во наставата;
- заеднички истражувања;
- развој на консултантски и експертски услуги;
- организирање стручни обуки;
- поддршка на стартапи;
- развој на студентско претприемништво;
- соработка со општини и јавни институции;
- учество во регионални иницијативи за дигитална трансформација.

Ќе се поддржува развојот на Универзитетот како центар за знаење, експертиза и технолошки решенија.

5.11. ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ОБУКИ

Брзиот развој на технологиите создава потреба од континуирано усовршување. УИНТ има потенцијал да развива програми за доживотно учење и професионални обуки.

Предвидени мерки

- подготовка на кратки стручни програми;
- обуки за дигитални технологии;
- програми за вештачка интелигенција и анализа на податоци;
- обуки за сајбер-безбедност;
- обуки за дигитална трансформација;
- обуки за програмирање и развој на софтвер;
- соработка со компании при креирање на обуки;

Овие активности можат да придонесат и кон зголемување на видливоста на Универзитетот и создавање дополнителни приходи.

5.12. ВИДЛИВОСТ, ПРОМОЦИЈА И РАЗВОЈ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Промоцијата на Универзитетот треба да биде системска, современа и насочена кон различни целни групи.

Предвидени мерки

- подготовка на комуникациска и промотивна стратегија;
- подобрување на веб-страницата;
- презентација на студиските програми;
- промоција во средните училишта;
- учество на образовни саеми;
- промоција на Универзитетот во странство;
- презентација на научните и студентските достигнувања;
- развој на видео, дигитални и интерактивни содржини;
- подобрување на комуникацијата преку социјалните мрежи.

Алумни-мрежа

Ќе се поддржи унапредување и развој на алумни-мрежа преку која дипломираните студенти ќе можат да:

- одржуваат контакт со Универзитетот;
- учествуваат во менторски програми;
- споделуваат професионални искуства;
- помагаат во промоцијата;
- создаваат партнерства со компании;

- учествуваат во студентски и научни активности.

5.13. ОДРЖЛИВОСТ, ЕКОЛОШКА ОДГОВОРНОСТ И ДИГИТАЛНА ЗЕЛЕНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Универзитетот треба да ги интегрира принципите на одржливост во управувањето, наставата, истражувањето и секојдневното работење.

Предвидени мерки

- намалување на употребата на хартија;
- дигитализација на административните постапки;
- рационално користење на енергијата;
- подобрување на енергетската ефикасност;
- поддршка на истражувања за зелени технологии;
- развој на проекти поврзани со климатски промени;
- вклучување на теми за одржливост во наставата;
- поддршка на студентски еколошки иницијативи;
- промовирање на концептот на паметен и одржлив кампус.

5.14. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ, ИНКЛУЗИЈА И АКАДЕМСКИ ИНТЕГРИТЕТ

Универзитетската средина треба да биде заснована врз еднаков третман, почитување и професионално однесување.

Предвидени мерки

- поддршка на еднакви можности;
- подобрување на пристапноста;
- спречување дискриминација и вознемирување;
- почитување на академскиот интегритет;
- промовирање етичко однесување;
- јасни канали за пријавување проблеми;
- поддршка на студентите и вработените во ситуации кога им е потребна институционална помош;
- унапредување на културата на дијалог и меѓусебна почит.

6. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За успешна реализација на програмата потребно е воспоставување систем на редовно следење и евалуација.

За секоја стратешка цел ќе се утврдат:

- почетна состојба;
- конкретна активност;
- одговорно лице или орган;
- рок за реализација;
- потребни ресурси;
- очекуван резултат;
- показател за успех;
- начин на известување.

Најмалку еднаш годишно ќе се подготвува извештај за реализацијата на програмата, со преглед на постигнатите резултати, предизвиците и следните активности.

7. ЗАВРШНИ ОПРЕДЕЛБИ

Програмата за работа за мандатниот период 2026–2029 претставува развојна рамка за понатамошно унапредување на Универзитетот за Информатички Науки и Технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

Како досегашен проректор и долгогодишен член на Универзитетот, ја препознавам важноста на континуитетот, институционалното искуство и заедничката работа. Моето определување е идниот развој на Универзитетот да се гради врз постојните достигнувања, со реални и постепени подобрувања, со почитување на академската заедница и со јасна ориентација кон квалитетот.

Во наредниот мандат ќе се залагам за:

- квалитетна и современа настава;
- подобро студентско искуство;
- посилна научно-истражувачка активност;
- поголема проектна успешност;
- развиена меѓународна соработка;
- дигитално ефикасен Универзитет;
- подобри инфраструктурни и работни услови;
- професионална и мотивирана академска и административна заедница;
- транспарентно и одговорно управување;
- партнерство со индустријата и јавниот сектор;
- поголема видливост и препознатливост на УИНТ.

Реализацијата на оваа програма ќе бара ангажман и соработка од сите членови на Универзитетот. Само преку заедничка работа, конструктивен дијалог и заемна доверба може да се обезбеди стабилен и одржлив развој.

Целта е УИНТ да продолжи да се развива како универзитет со јасна иднина, современо образование, релевантна наука, активна меѓународна соработка и силна ориентација кон студентите и општеството.

Проф. др. Атанас Христов